# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.13 од 23.01.2013 година**

### Член 1

Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" број 92/2007, 161/2009, 17/11 и 54/11), во членот 17 став 4 точка 4 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "кои поседуваат сертификат за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи издаден од Министерството за транспорт и врски."

По ставот 14 се додаваат шест нови става 15, 16, 17, 18, 19 и 20, кои гласат:

"Сертификатот од ставот 4 точка 4 на овој член го издава Министерството за транспорт и врски врз основа на положен испит за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи по спроведена обука за стручно оспособување.

Испитот за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи се полага пред комисија формирана од министерот за транспорт и врски според програмата за обука.

За член на испитната комисија мора да се именува само компетентно лице со работно искуство во областа на превозот на опасните материи.

На кандидатите кои го положиле испитот им се издава сертификат за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи.

Министерството за транспорт и врски води евиденција за сите стручно оспособени обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи.

Начинот на добивање на сертификатот за обучувачи за советник за безбедност при превоз на опасни материи и содржината на програмата за обука ги пропишува министерот за транспорт и врски."

### Член 2

Во членот 20 став 3 по првата реченица се додаваат две нови реченици кои гласат: "Сертификатот од ставот 2 на овој член го изработува правно лице избрано од страна на Министерството за транспорт и врски, а трошоците за изработка на сертификатот се на товар на подносителот на барањето. Висината на надоместокот за изработка на сертификатот ја утврдува правното лице по претходна согласност на министерот за транспорт и врски."

Во ставот 4 точка 4 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "кои поседуваат сертификат за обучувачи за стручна оспособеност на возачите на моторните возила за превоз на опасни материи издаден од Министерството за транспорт и врски."

По ставот 14 се додаваат шест нови става 15, 16, 17, 18, 19 и 20, кои гласат:

"Сертификатот од ставот 4 точка 4 на овој член го издава Министерството за транспорт и врски врз основа на положен испит за обучувачи за стручна оспособеност на возачите на моторните возила за превоз на опасни материи по спроведена обука за стручно оспособување.

Испитот за обучувачи за стручна оспособеност на возачите на моторните возила за превоз на опасни материи се полага пред комисија формирана од министерот за транспорт и врски според програмата за обука.

За член на испитната комисија мора да се именува само компетентно лице со работно искуство во областа на превозот на опасните материи.

На кандидатите кои го положиле испитот им се издава сертификат за обучувачи за стручна оспособеност на возачите на моторните возила за превоз на опасни материи.
Министерството за транспорт и врски води евиденција за сите стручно оспособени обучувачи за стручна оспособеност на возачите на моторните возила за превоз на опасни материи.
Начинот на добивање на сертификатот за обучувачи за стручна оспособеност на возачите на моторните возила за превоз на опасни материи и содржината на програмата за обука ги пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 3**

Прописите утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Министерот за транспорт и врски во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон формира комисија согласно со членот 17 став 16 утврдена во членот 1 од овој закон и членот 20 став 16 утврдена во членот 2 од овој закон.

**Член 5**

Вработените во правните лица овластени за стручното оспособување на кандидатите за советник за безбедност при превоз на опасни материи или за стручна оспособеност на возачите на моторните возила за превоз на опасни материи во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на прописите утврдени во членот 1 од овој закон со кој се дополнува членот 17 со нов став 20 и членот 2 од овој закон со кој се дополнува членот 20 со нов став 20 се должни да го положат испитот и да се стекнат со сертификат за стручнотооспособување на кандидатите за советник за безбедност при превоз на опасни материи, односно за обучувачи за стручна оспособеност на возачите на моторните возила за превоз на опасни материи.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на „Службен весник на Република Македонија".